**изворен научен труд**
**УДК: 633.1:39(38)**
**392.8(38)**
**392.8(=163.3)**

# ЖИТОТО, ЛЕБОТ И БРАШНОТО ВО ОБИЧАИТЕ НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ: ПАРАЛЕЛИ СО ПОДОЦНЕЖНАТА МАКЕДОНСКА ТРАДИЦИЈА[1]

**Катерина Младеновска-Ристовска**
*Институт за национална историја*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Keywords:** ancient Macedonians, customs, bread, flour, grain

**Summary:** The grain, flour and bread had a particularly important role in the customs of the ancient Macedonians. Regarding the tradition for the founding of the Macedonian Kingdom, the magic ("double") rising of the bread of Perdiccas, the first Macedonian king of the Argead dynasty, is stated. The sources noted an example for using the flour for announcement of the boundaries of a new city in its establishment. Namely, in this way was marked the foundation of the famous Alexandria in Egypt, where the ground plan of the city that had a shape of chlamys, was drawn with flour from barley. Concerning the wedding of Alexander III of Macedon with Roxana, a Macedonian wedding custom of cutting the bread with a sword is described, too. This paper deals with the analysis of these fragments, which although sparse, confirm the sacred symbolism of grain, bread and flour among the ancient Macedonians. Traces of this symbolism can be found today in the modern tradition, which among other things allow us to penetrate deeper into the essence of these customs.

**Клучни зборови:** антички Македонци, обичаи, леб, брашно, жито

**Апстракт:** Житото, лебот и брашното имале особено значајна улога во обичаите на античките Македонци. Во врска со преданието за основањето на Македонското Кралство се наведува волшебното („двојно“) нараснување на лебот на Пердика, првиот македонски крал од династијата на Аргеадите. Во изворите е забележан пример за користење на брашното за одбележување на границите на нов град при неговото основање. Имено, на тој начин било означено втемелувањето на славната Александрија во Египет, каде што тлоцртот на градот, кој имал облик на хламида, бил исцртан со брашно од јачмен. Исто така, во врска со свадбата на Александар III Македонски и

[1] Статијата е презентирана на Меѓународниот симпозиум *Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања* во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 19-20 декември 2014 год.

Роксана, опишан е македонскиот свадбен обичај на сечење леб со меч. Текстот се занимава со анализа на овие фрагменти, кои иако се малубројни, ја потврдуваат светата симболика на житото, лебот и брашното кај античките Македонци. Траги од оваа симболика среќаваме и денес во современата традиција, кои меѓу другото ни овозможуваат и подлабоко да навлеземе во суштината на овие обичаи.

Обичаите на античките Македонци мошне ретко биле предмет на истражување во македонската наука. Нивното истражување е особено отежнато поради големата временска оддалеченост, како и поради малубројните и скудни историски извори. Освен тоа, изворите за нив се најчесто на хеленски јазик и од хеленски автори, многу подоцнежни од настаните кои ги опишуваат, често преписи од втора или трета рака, сложени за расчитување, со многу текстуални и хронолошки аномалии. Не е многу подобра и состојбата со материјалните извори, во прв ред поради недоволните археолошки истражувања, како и проблемот со недоволната достапност на нивните резултати. Но без оглед на овие проблеми, во основа, со критичка анализа на расположливите извори, можеме да добиме одредена претстава за општествениот живот, верувањата, обичаите и светогледот на Македонците во далечното минато.

***

Житото, лебот и брашното имале свето значење во животот целокупното население на територијата на географска Македонија, од праисторијата до денес. Осмиот месец во современата македонската календарска година – август, во народниот календар на Македонците уште од раното средновековие го добил словенското име *житар*. Во календарот на античките Македонци, пак, тоа е единаесеттиот месец *горпиај*, како македонско именување соодветно на денешниот месец август. За жал, немаме точно толкување на неговото значење.[2]

Според најраните палеоботанички наоди на Балканскиот Полуостров, основните житни култури во периодот на VII – III илјадалетие пр. н.е. биле пченицата и јачменот, а напоредно со нив виреале уште и ѓржта, просото и овесот. Во периодот од неолитот до бронзената епоха најмногу била одгледувана еднозрната и двозрната пченица (*лимец*),[3] а масовно бил застапен и јачменот. Култивирањето на овесот, пак, се претпоставува дека започнало дури во бронзената

[2] Календарската година кај античките Македонци започнувала во сегашниот месец октомври, а завршувала наредната година во денешниот месец септември. (Проева, 2004: 135-138).

[3] *Лимец* – видна пченица, која се сее и денес, но во мал ограничен обем.

епоха. Пред овој период, слично на ̓ржта, тој бил исто така ретко среќавана житна култура. Кон III илјадалетие започнало и култивирањето на просото, кое имало поголема застапеност од ̓ржта и овесот. (Лисицына–Филипович, 1980: 8-15).

Античките автори даваат скудни податоци за житото на балканските простори, но потврдуваат постоење на богати области со пченица во Тракија и одгледување на други зрнести култури од различен квалитет. Аристотел посведочува дека особениот вкус на јачменот, којшто се одгледувал во земјите на Мајдите[4] и Синтите[5] е приемлив за луѓето, но не и за животните (Arist. *De mirab. auscult.*, 116). Теофраст соопштува дека во Тракија виреe многулушпестото жито, кое доцна никнува и зрее поради студовите (Theophr. *De caus. plant.*, 4, 11, 5). Аријан, пак, дава податоци за житата во земјите на тракиското племе Гети во долен Истар за време на тамошниот поход на Александар III Македонски во 335 год. пр. н.е. (Arr. *Anab.*, 1, 4, 1). Плиниј Постариот посведочува за одгледување на пченица која рано зрее по течението на реката Хеброс (Plin. *Nat. hist.*, 18, 7, 70). Исто така, има и сведоштва за одгледувањее на `рж и просо (Demost., 8, 43-45; Athen., 4, 131a; Galen. *De alim. facult.*, 1, 13).

Зрното како семе на житото е сеопшт растителен симбол на раѓањето и развитокот на животот и плодородноста. Тоа е соодветно на животинскиот митолошки код на јајцето (*Българска митология*, 1994: 124). Житото било релативно лесно за чување во сурова форма и погодно за секојдневно обезбедување на храна. Со развитокот на трговијата, пак, тоа станало мошне значајна стока за размена или продажба. Како неопходна потреба, од сеидбата до жетвата, житото е изложено на разни опасности од природни непогоди (суша, град и сл.), кои иницирале разни верувања за магично влијание врз плодородноста.

И покрај употребата на житото во сурова и варена состојба, сепак неговата основна употреба е преку мелење во брашно за подготовка на леб. Како и житото, и брашното имало особено место во обредната практика на просторите на географска Македонија. Како главна состојка на егзистенцијално неопходниот леб, како и на обредните лебови, луѓето секогаш се однесувале кон брашното со особена почит.

Иако податоците во историските извори се малубројни, тие сепак јасно говорат дека житото, брашното и лебот имале особено значајна

[4] *Мајди* – племе кое ги населувало просторите северозападно од планината Керкина, а југозападно од Синтите, главно по средното течение на денешната река Струма.

[5] *Синти* – племе кое ги населувало просторите на југ од денешната река Струмешница (Струмица).

улога и во обичаите на античките Македонци. Ова може да се согледа низ неколку примери забележани од античките автори. Првиот пример го среќаваме во митолошкото предание за основањето на првата македонска кралска династија Аргеади, кое ни го соопштува историографот Херодот. Тој престојувал во Македонија околу 460 год. пр. н. е., во времето на владеењето на македонскиот крал Александар I Филхелен и го запишал преданието директно од самите Македонци и веројатно токму на македонскиот кралски двор. Во преданието се вели:

> „А на тој Александар предок во седмо колено му е Пердика кој на овој начин воспоставил власт и застанал на престолот во Македонија. Од Арг избегале кај Илирите тројца браќа, кои биле потомци на Темен: тоа биле Гаван, Аероп и Пердика. Откај Илирите, преминувајќи ги планините, втасале во Горна Македонија, во градот Лебаја. Таму се главиле слуги за плата кај кралот, и тоа, едниот ги пасел коњите, другиот говедата, а најмладиот од нив, Пердика, козите и овците. Во тие стари времиња и луѓето кои биле на власт биле сиромашни, не само масите, па жената на кралот сама им го готвела јадењето на слугите. И секогаш кога печела леб, лебот на слугата Пердика сам од себе нараснувал двојно. Бидејќи тоа постојано се случувало, кралицата му кажала на својот маж. Кога кралот го чул тоа, веднаш помислил дека тоа е божјо чудо и дека предвестува нешто големо. Затоа ги повикал слугите и им рекол да си одат од неговата земја (Hdt., VIII, 137; Херодот, 1998: 552).“

Понатаму во преданието се раскажува дека тројцата браќа си заминале и успеале да се спасат од потерата коњаници, која, по нив, ја испратил кралот. Надминувајќи ги сите препреки на патот, се населиле блиску до таканаречените Градини на Мида, синот на Гордиј, од каде што ги покориле и другите делови на Македонија (Hdt., VIII, 137-138; Херодот, *Историја,* 1998: 552-553).

Преданието содржи елементи, кои имаат за цел да го истакнат и поткрепат божественото потекло на македонската кралска династија Аргеади, а еден од нив е токму волшебното („двојно“) нараснување на тестото за лебот на Пердика, првиот македонски крал од оваа династија и основач на Македонското Кралство.

За верувањата на жителите на македонскиот град Лебаја немаме доволно информации, но Херодот потврдува дека верувале во божја

сила и чуда во секојдневниот живот. За жал, ние не располагаме со други примери од нивните верувања за месењето на тестото и печењето на лебот, па не можеме да навлеземе во суштината на проблемот, но останува загатката зошто лебовите биле делбено наменувани уште при месењето, а не по печењето? (Младеновска-Ристовска, 2012: 11-25)

Друг пример за симболиката на лебот кај античките Македонци е свадбениот обичај што го опишува Квинт Куртиј Руф во врска со склучувањето на прviot брак на македонскиот крал Александар III Македонски, со принцезата Роксана,[6] ќерка на сатрапот на Бактрија Оксијарт. Квинт Куртиј Руф пишува:

> „Кралот, обземен од љубовен жар, заповедал да донесат леб (кај Македонците ова било најсвет залог за брак) што пресечен со меч обајцата го бакнале. Верувам дека оние што ги востановувале обичаите на племето, сакале да им покажат на оние што стапувале во брак, со колку малку и лесно снабдлива храна треба да бидат задоволни. На овој начин кралот на Азија и на Европа се оженил за девојка, што била доведена на гозба да ги забавува гостите и од пленичка имал намера да го роди наследникот, кој ќе владее над победниците (Curt., VIII, 4, 23; Куртиј Руф, 1998: 338).“

Овој текст го потврдува значењето на свадбата, како дел од обредниот животен циклус и еден од најсвечените моменти од животот на младенците и нивните семејства. Куртиј Руф потенцира дека станува збор за автентичен македонски обиачај, па дури прави обид и да ја објасни симболика на лебот во свадбениот обичај, претпоставувајќи дека со овој чин на младенците им се дава до знаење дека треба да бидат скромни и задоволни со толку „малку и лесно снабдлива храна“. Лебот кој идните сопружници го бакнувале, всушност бил свет симбол на нивното телесно здружување. Симболиката на сечилото на железното копје, пак, е апотропејска, односно се верувало дека тоа со неговите магиски својства ги отстранува лошите духови. (Проева, 2004: 135; Renard – Servais, 1955: 44)

[6] Александар се оженил со Роксана во 327 год. пр. н.е. Три месеци по неговата смрт, таа го родила синот Александар IV, кој бил определен за престолонаследник. Во времето на борбата меѓу дијадосите за преземање на власта во Македонија, таа станала предмет на политички игри, па при освојувањето на градот Пидна, била заробена од Касандар, синот на Антипатар, и по негова наредба, заедно со својот син Александар IV, најпрвин била заточена во Амфипол, а потоа и убиена.

Дека житото и брашното имале особена светост кај античките Македонци, потврдува и примерот на нивното користење за одбележувале на границите на нов град при неговото основање. Имено, на тој начин било означено втемелувањето на славната Александрија во Египет,[7] каде што тлоцртот на градот, кој имал облик на хламида,[8] бил исцртан со јачменово брашно лично од Александар.

Биографот на Александар III Македонски Квинт Куртиј Руф, меѓу другото, пишува:

> „Се раскажува дека кога кралот, според обичајот на Македон-ците, со јачмен ги означил ѕидините на идните ѕидини, долетало јато птици и го исколвало јачменот. Многумина ова знамење го примиле како несреќно, но пророкот одговорил дека тоа ќе биде град на многу дојденци и ќе пружи храна на многу земји (Curt. IV, 8, 6; Куртиј Руф, 1998: 172).“

Истиот настан слично го опишува и Плутарх:

> „Потоа заповедал да се одбележи нацртот на градот, прилагоден кон обликот на земјиштето. Но се случило да им снема креда, па зеле јачменово брашно и на црната почва нацртале круг во чија внатрешност нацртале две прави линии што еднакво оделе една кон друга, а најпосле се спојувале во вид на хламида. Александар многу се израдувал на овој нацрт. Но, ненадејно, во густи јата, надошле птици од разни видови и големини, кои како облаци слетале на обележаниот нацрт, така што од брашното не останала ни трага. Дури и кралот се исплашил од настанот, но гаталците го охрабриле, објаснувајќи му дека градот што тој ќе го изгради ќе биде многу богат и моќен и дека ќе храни луѓе од разни народи. По ова, на надгледувачите на градењето им наредил да почнат со работа (Plut. *Alex*., 26; Плутарх, 2008: 133-134).“

[7] Александрија била основана за време на големиот поход на Александар на Исток, на 7 април 331 год. пр. н.е., на местото на египетската рибарска населба Ракотис. Во време на владеењето на македонската династија Птолемаиди, Александрија ќе стане најголемиот културан центар на антиката.

[8] *Хламида* - македонска машка наметка со заоблени рабови со која се нагрнувале плеќите, а се закопчувала на градите или на десното рамо.

Во двата фрагмента се споменува употребата на јачменот и јачменовото брашно во одбележувањато на темелите на градот. Настанот е слично опишан и од Страбон (Strab. XVII, 1, 6), но за нас е особено значаен податокот на Куртиј Руф каде што е потенцирано дека станува збор за автентичен македонски обичај.

Иако малубројни, горенаведените фрагменти ја потврдуваат светата симболика на житото, брашното и лебот кај античките Македонци. Нивната суштина и значење, со мали или поголеми преобликувања, продолжиле да опстојуваат на просторот на Македонија и низ подоцнежните векови, до нашата современост, со многу паралели на совпаѓања и сличности кај разните етноси на балканските простори и пошироко. Тоа најочигледно го потврдува и само бегол преглед на записите на македонските фолклористи, разните етнографи, современи етнолози и други истражувачи, но и бројните патеписци од последните неколку века. Овие паралели во голема мера ни помагаат за осознавање на континуитетот на верувањата, обичаите и симболиката на: житото, брашното и лебот на македонските простори низ вековите.

Низ таа традиција на разни верувања и обичаи со проткајана симболика, постојано се пластеле многубројни културни влијанија, со соодветни траги во симболиката на: житото, брашното и лебот. Современиот македонски народ, на: житото, брашното и лебот постојано им придавал особено света моќ. Не случајно низ вековите егзистирала изреката за „лебот наш насушен“, најискреното заколнување со „жими лебот“, но и клетвата кон душманот „за корка леб да страда“. Во македонската народна традиција опстанало и верувањето дека и ѓаволот бегал од брашното.

Во современите традиционални свадбени обичаи и обреди, житото, брашното и лебот сè уште се задржани во ритуалното замесување на тестото за обредните лебови, месењето и шарањето на обредните лебови, вклучително и погачата, позната како „сваќа“, здогледување на младоженецот од страна на невестата преку сито и прстен со драмски елементи. Исто така, кумот фрла жито при венчавањето на младите, а жито се расфрла и пред влезот од куќата на младоженецот, за младенците да бидат плодни (Кличкова-Георгиева, 1965: 95-187; Бошначки, 1972: 141-151; Шапкарев, 1976: 31-86 и 174-191; Раптис, 1977: 61-78).

Во *Зборникот* на браќата Миладиновци во врска со свадбените обичаи во Струга се споменува дека „На венчавањето, кога се вртет три п’ти околу, кумицата фрљат овес, смешан со

шекерчина, над главите от младенците, на кои после се дават хлеп и вино, донесени од ст'рната от зетот...“ (Миладиновци, 1962: 467). Во врска со свадбените обичаи во Кукуш, пак, браќата Миладиновци го забележале обичајот кој се правел две недели пред свадбата на *Голем армас*: „Ставјет софра, на која донесват јастјето и питјето од момчето, кое, целуваештем р'ка, на сите служит по ракиа. Постариот на четири скршвит на савче винено крстообразната погача...“ (Миладиновци, 1962: 469). Ова се мошне значајни факти на браќата Миладиновци за улогата на лебот и житото во свадбената церемонија.

Стефан Верковиќ во врска со свадбените обичаи во Серес и Неврокоп го забележал следново: „Мајката на невестата му донесува на младоженецот две чинии баница; младоженецот ја сече баницата, и откако врз неа ќе истури една чаша вино зема едно парче и чаша со вино и ѝ ги дава на невестата (Верковиќ, 1985: 143). Во врска со обичаите во Висока, пак, споменува дека: „Зетот кога ќе седне на стол, му дават нож, чопнува три хупки леб... И невестата ќе ги земе оние три хупки, ќе ги изеде... (Верковиќ, 1985: 164).“

Традицијата и верувањата за светоста на брашното опстојувале низ вековите во разни обредни форми од животниот и посмртниот обред. На пример, при раѓање на бебе, под перницата се ставало малку брашно завиткано во бело крпче за да го штити бебето од демонски суштества. Тоа се користело при перење на пелените, со цел да ги заштитат од разни магии кога ќе се сушат надвор, но исто така, пелените да бидат секогаш бели. Со брашното се поврзувани и обредните активности за првото замесување од страна на девојчињата, во кое се ставало и шеќер за да им биде лебот секогаш благ. Тоа е свет симбол и при замесувањето на погачата за младоженците. Месарикaта им ги трие образите на младоженецот и на невестата со брашно, со верување дека на тој начин тие ќе останат убави и бели и дека ќе им се родат бели и убави деца. Брашното се употребува и во посмртниот обреден комплекс. Во Мариово, на пример, веднаш по погребувањето на мртовецот во просторијата каде што бил спружен, поточно на местото каде што му била поставена главата, се палело свеќа и една од жените насејувала брашно, па на него ставала чаша со вино, вода и ракија и сето го покривала со сито, верувајќи дека до првите три вечери душата на умрениот може да се поврати. Ако на брашното имало траги, се верувало дека тоа е неговата душа, која е дојдена, да касне или да се напие (Јовановска,

2000: 67-68; Филиповић, 1939: 476, 489, 530-531; Ристески, 1999: 61, 117, 154, 177 и 222).

Во традиционалната народна култура обредните лебови (погача, криваj) се најуниверзално обредно-магично средство, а истовремено и бескрвна жртва, во замена за дамнешните пагански обичаи на принесување на крвна жртва (човечка или животинска). Како симбол на животот, благосостојбата, здравјето и плодноста, тие се еден од најзначајните реликти во традиционалната култура на македонските простори. Општо земено, имаат широка употреба во култната практика на обредниот живот, речиси во секој календарски и семеен празник и обред. Уште во времето на вршидбата, за обредните лебови се избирала најубавата и најчиста пченица. Правењето на обредниот леб е молитва за здравје во семејството, здравје за добитокот и бериќет во полјоделството. Замесувањето на обредниот леб се врши во строго определени денови и време, најчесто пред изгрејсонце. За замесувањето водата мора да е свежо донесена од чешма, од кладенец или од бунар рано во зори, од мома или од невеста. Садот се кити со билки или цвеќе. Попатно, водата не смее да се разлева и молчеливо се заминува во домот. Свеж мора да биде и квасот, кој претставува никулец на нов живот, симбол на раѓање, бериќет и семеен напредок. За него биле поврзани забраните дека во времето на младата месечина не смее да се дава квас на соседите; при смртен случај во семејството мора да се замени квасот со позајмување од друга куќа. Месењето обично е во празнична облека од мома или невеста и се пеат обредни песни. Притоа брашното трипати се просејува низ сито. Формата на лебовите обично е во кружна форма, со карактеристични шари, според намената. Обредните лебови имаат сеопфатна намена во животниот циклус на луѓето, од раѓањето, работното ангажирање, календарските празници и семејните празнувања, до стапувањето во брак и умирачката. Обредните лебови се користат при дигање панагија, при обредното заорување, при градењето на куќа, при зарек и сл. (Тановић, 1927: 81; Филиповић, 1939: 374; Цепенков, 1972: 176-177; Светиева, 1990: 13-24; Светиева, 1997: 167-174).

За лебот се сврзани разни верувања и обреди за неговото подготвување (замесување), чување, користење, но и соодветни забрани за однесувањето на луѓето кон него, како на пример, секогаш да се чува во хоризонтала како што е печен, да се штити од загадување, да не се фрла во сметот и сл.

Во сите обреди и аграрни магиски постапки, главни организатори и извршители се жените-домаќинки. Токму со женските деца често е поврзана и намената на обредните лебови. На пример, обреден леб се подготвува кога првпат ќе промрда детето во стомакот на трудницата, кога ќе се роди детето, кога женското дете ќе се задевојчи, како и за разни поводи во свадбените обреди – за пород на невестата, за бериќет во куќата и сл.

Обредни лебови се приготвуваат и за погреби, помени и задушници, со апотропејски карактер. За разлика од останатите, овие обредни лебови ги подготвуваат жени кои излегле од фертилната возраст, а притоа, веднаш по месењето, облеката ја соблекуваат за перење (Јовановска, 2000: 300).

* * *

Поставувањето на оваа тема отвора широк спектар за натамошни задлабочени и интердисциплинарни компаративни истражувања на обредно-обичајната народна култура низ вековите на пошироките балкански простори. Симболичната светост на: житото, брашното и лебот постојано имала исклучително значење во семејниот и во календарско-обредниот живот на луѓето. Житото, брашното и лебот биле во постојан состав на древните обреди поврзани со семејниот живот, од раѓањето до смртта, но и во секојдневниот егзистенцијален ангажман поврзан со годишниот календар, зависноста од годишните времиња во пољоделството и во сточарството, до сите други производни активности за напредокот на семејството и општеството како целина. Во согласност со законитостите на општествениот развиток, со текот на времето, а под влијание на променетите услови во општествениот живот, од семејството до пошироката општествена заедница, како и одредени надворешни влијанија, верувањата и обредната практика за симболичката светост на: житото, брашното и лебот добивале одредени преобликувања. Но и при тие промени во верувањата и обредната практика, нивната магична светост била постојано присутна со должната и неприкосновена почит.

**Литература:**

Aristoteles. 1909. *De mirabilius auscultationibus*. By Launcelot D. Dowdall. Clarendon Press: Oxford.

Arrianus. 1907. *Anabasis.* Ed. A. G. Roos. Lipsiae.

Athenaeus. 1887. *Naucratitae Dipnosophistarum.* Libri XV. Recensunt Kaibel. G. Vol I–III. Teubner.

Demosthenes. 1966. *Orationes*. Recognovit brevique adnotatione ctitica instruxit S.

H. Butcher. Clarendon Press: Oxford.
Galenus. 1633. *De alimentorum facultatibus*. Libri III. Ex Martine Gregorii interpretatione. Apud Asingam de Fries in Lugduni Batavorum.
Plinius. 1897-1933. *Naturalis Historia.* Ed. Jan-Mayhoff. 5 vol. Teubner: Leipzig.
Renard, M. – Servais, J. 1955. A propos du mariage d'Alexandre et de Roxane. *L'antiquité classique*. Vol. 24. 29-50.
Strabo. 1895–1913. *Geographica*. Ed. A. Meineke. T. I–III. Lipsiae.
Theophrastus. 1529. Theodoro Gaza interprete. Ex officina Chrestien Wechel.
*Българска митология*. 1994. Енциклопедичен речник. Съставител Анани Стойнев. София.
Бошначки, Иван. 1972. Кон свадбените обреди, игри и песни во Малешево. *Македонски фолклор*. 9-10. Скопје. 141-151.
Верковиќ, Стефан И. 1985. *Македонски народни умотворби.* Кн. 5. *Фолклорни и етнографски материјали*. Подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски. Македонска книга: Скопје.
Јовановска, Соња. 2000. Брашно. Во: *Речник на народната митологија на Македонците*. Редактор Танас Вражиновски. Институт за старословенска култура–Прилеп и Книгоиздателство Матица македонска–Скопје: Прилеп – Скопје.
Јовановска, Соња. 2000. Обреден леб. Во: *Речник на народната митологија на Македонците*. Редактор Танас Вражиновски. Институт за старословенска култура–Прилеп и Книгоиздателство Матица македонска–Скопје: Прилеп – Скопје.
Кличкова, Вера. – Георгиева, Милица. 1965. Свадбените обичаи од селото Галичник-Дебарско. *Гласник на Етнолошкиот музеј*. Скопје. 95-187.
Лисицына, Г. Н. – Филипович, Л. А. 1980. Палеоэтноботанические находки на Балканском полуострове. *Studia Prachistorica*. 4. София.
Миладиновци. 1962. *Зборник 1861-1961*. Кочо Рацин: Скопје.
Младеновска-Ристовска, Катерина. 2012. Преданието за основањето на Македонското Кралство. *Филолошки студии*. том I. Скопје-Перм-Љубљана-Загреб. 11-25.
Плутарх. 2008. *Напоредни животописи*. *Ликови од историјата на древна Македонија*. Превод од строгрчки: Војислав Саракински. Коментари Наде Проева. Евро Балкан прес: Скопје.
Проева, Наде. 2004. *Историја на Аргеадите*. Historia Antiqua Macedonica. Кн. 8. Скопје.
Раптис, Михалис. 1977. *Свадбени обичаи и песни, Фолклорот на јановенските села во Костурско*. Институт за фолклор „Марко Цепенков": Скопје.
Ристески, Љупчо С. 1999. *Посмртниот обреден комплекс на традициската култура на Мариово*. Институт за старословенска култура: Прилеп.
Руф, Квинт Куртиј. 1998. *Историја на Александар Македонски*. Книги I–X. Превод од латински јазик Љубинка Басотова. Патрија: Скопје.
Светиева, Анета. 1990. Ѓурѓовденски обредни лебови во Македонија и нивната функција во обичаите и верувањата. *Македонски фолклор*. 46. Скопје. 13-25.
Светиева, Анета. 1997. Обредните лебови за Бадник – вовед во сакралното.

*Етнолог*. 7-8. Скопје. 167-174.
Тановић, Стефан. 1927. Српски народни обичаји у Ђевђелијској Кази. *Српски етнографски зборник, Живот и обичаји народни*. Књ. XL. Књ. 16. Етнографски институт. Српска краљевска академија: Београд-Земун.
Филиповић, Миленко. 1939. Обичаји и веровања у Скопској Котлини. *Српски етнографски зборник*. *Живот и обичаји народни*. Књ. LIV. Књ. 24. Том 1. Етнографски институт. Српска краљевска академија: Београд.
Херодот. 1998. *Историја.* Превод, предговор и белешки Даница Чадиковска. Зумпрес: Скопје.
Цепенков, Марко К. 1972. *Македонски народни умотворби*. Кн. 10. Македонска книга: Скопје.
Џимревски, Боривоје. 1972. Свадбени обреди и песни во с. Брезно (Тетовско). *Македонски фолклор*. 9-10. Скопје. 189-200.
Шапкарев, Кузман А. 1976. *Избрани дела*, Мисла: Скопје.